# ОБЛИКУВАЊЕ

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ
УМЕТНИЦИ ЗА ПРИМЕНЕТА
УМЕТНОСТ НА МАКЕДОНИЈА


## ДЛУПУМ 1950 • 1970

ЧЛЕНОВИ-ОСНОВАТЕЛИ НА ДРУШТВОТО

Нестор Алексиев Марица Антонова Славе Атанасов Давид Бафети Киро Билбиловски Ганчо Бошковски Благој Дрнков Блаже Јовевски Петар Калаџиев Киро Кузмановски Гого Попов Бошко Симоновиќ Нико Този Михо Чакеља Михајло Шојлев.

ЧЛЕНОВИ НА УПРАВАТА И СОВЕТОТ НА ДРУШТВОТО
1950 — 1970

1950 — 1951
Претседател: Михо Чакеља
Секретар: Нико Този
Членови: Киро Кузмановски Михајло Шојлев и Давид Бефети

1952
Престедател: Михо Чакеља
Секретар: Нико Този
Членови: Михајло Шојлев Киро Кузмановски и Благоја Дрнков

1958
Претседател: Љубодраг Маринковиќ — Пенкин
Секретар: Нико Този
Членови: Киро Кузмановски Димче Протуѓер и Благоја Дрнков

1954
Претседател: Љубодраг Маринковиќ — Пенкин
Секретар: Нико Този
Членови: Ана Петрова Благоја Поповски и Киро Билбиловски

1955
Претседател: Димче Протуѓер
Секретар: Нико Този
Членови: Босиљка Новаковиќ Славе Траковски и Благоја Папазовски.

1956
Претседател: Благоја Папазовски
Секретар: Нико Този
Членови: Димче Протуѓер Владо Економов Босиљка Новаковиќ Славе Трајковски и Благоја Дрнков

1957
Претседател: Нико Този
Секретар: Рада Петрова
Членови: Благоја Папазовски Димче Протуѓер Босиљка Новаковиќ, Славе Трајковски и Владо Економов

1958
Претседател: Нико Този
Секретар: Раде Перчуклиевски
Членови: Славе Трајковски, Рада Петрова, Владо Економов, Благоја Дрнков и Благоја Папазовски

1959 — 1963
Претседател: Нико Този
Секретар: Раде Перчуклиевски
Душко Стојановски
Членови: Босиљка Новаковиќ, Рада Петрова Пано Анѓушев, Славе Трајковски и Благоја Папазовски

1964 — 1966
Претседател: Драган Шојлевски
Потпретседател: Драган Бошнакоски
Секретар: Раде Перчуклиевски
Членови: Славе Трајковски, Александар Кузмановски, Томе Андреевски, Гого Попов Рада Петрова Нико Този, Петар Илков и Душко Стојановски

1967 — 1970
Претседател: Раде Перчуклиевски
Потпретседател: Драган Бошнакоски
Александар Кузмановски
Секретар: Ѓорѓи Георгиевски
Членови: Петар Илков, Рада Петрова, Трајче Јанчевски, Милан Терзовски, Гого Попов, Томе Андреевски и Благо Дрнков

1970
Претседател: Томе Андреевски
Потпретседател: Драган Бошнакоски
Благој Дрнков
Секретар: Душко Стојановски
Членови: Раде Перчуклиевски Славе Траковски, Петар Илков, Таки Павловски, Зорица Тодоровска, Костадин Танчев и Александар Попов



Уметнички павиљон Скопје, I-ва изложба на ДЛУПУМ

*Томе АНДРЕЕВСКИ*

## ПО ПОВОД ДВАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ НА МАКЕДОНИЈА

Брзиот развој на стопанството во нашата Република после ослободувањето, несомнено наложи потреба од образование и формирање на специјален профил на кадри за поодделни гранки на стопанството. Точно со овој период се совпаѓа и формирањето и растежот на нашето Друштво, бидејќи програмската платформа на Друштвото беше свртена кон што побрзо образование и формирање на кадри за сите дисциплини на применетата уметност, за стопанството и културата.

Како резултат на таквата ориентација, во соработка со надлежните органи за образование и со стопанството, се создадоа над 80 висококвалификувани академско образовани уметници од сите области на применетата уметност, како и над 500 ликовни техничари кои завршиле училишта за применета уметност.

Голем број од овие кадрови се креативниот актив на нашето општество кои со своите креации придонесуваат во остварување на естетско-производните задачи на нашето стопанство.

На планот на ликовното творештво во нашата Република израснаа и се формираа познати имиња. Но и во областа на творештвото, на полето на применетата уметност, излегоа од анонимност исто така познати имиња. Нивните остварувања, како во областа на уникатното творештво, така и на дизајнот што се создава во нашите стопански организации, се афирмираа во земјата и надвор ид нејзините граници. Одделни остварувања беа излагани и презентирани на изложби и саеми, на кои добиваа награди и признанија.

Овде стои и едно прашање што постојано е присутно во нашите редови: културната јавност недоволно е информирана за успесите на поединци во областа на креирањето на полето на применетата уметност и дизајнот. Ред години одделни наши членови добиваат високи признанија и награди надвор од Републиката и земјата. Наспроти тој факт жири комисиите на сите нивои во Републиката останаваат незаинтересирани за ова подрачје на уметничкото творештво и за неговите врвни достигања. Останаваат незаинтересирани дури и во случаите кога ова Друштво и други организации поднесувале образложени предлози за одделни остварувања кои имаат големо значение за нашата национална култура и стопанство.

ХРОНОЛОГИЈА

1950 На 16 април во Скопје е основано Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија, воедно и прво друштво од овој вид во Југославија.

На 15 октомври по иницијатива на Друштвото се одржа советување со претставниците на индустријата, занаетчиството, образованието и културата по прашање на соработка, школување и формирање кадри од областа на применететата уметност.

1951. Изготвена е перспективна пропрама за школување и усовршување кадри од областа на применетите уметности во земјата и странство.

1952. Друштвото и Уредот за информации при Владата на НРМ организираа изложба на предмети од уметничкото занаетчиство и применетата уметност. Изложбата беше отворена во Скопје а потоа прикажана во поодделни претставништва на ФНРЈ во странство. Изложбата ја организираа и поставија: Нико Този, Марија Антонова и Вера Кличкова.

1953. Основана е задруга на ликовните уметници за применета уметност на Македонија.

1954. На 31 јануар во Загреб се одржа Основачки конгрес на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија. Како делегати на друштвото учествуваа: Љубодраг Маринковиќ — Пенкин и Нико Този.

Извршена е реорганизација на Друштвото согласно Статутот на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија

1955. Тутунскиот комбинат од Прилеп распиша конкурс за членовите на Друштвото за обликување на заштитен знак на комбинатот и амбалажа за одделни видови цигари.

Благоја Дрнков отвори самостојна изложба на уметнички фотографии во Скопје.

Поодделни членови од името на Друштвото обиколија поодделни индустриски центри во Републиката и се запознаа со нивните проблеми од областа на обликувањето и соработката со ликовните уметници.

1956. Во Белград се одржа Прва изложба на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија. Од нашето Друштво излагаа: Б. Новаковиќ, К. Билбиловски, Б. Дрнков, Г. Попов, М. Чакеца, Б. Костовски, Г. Крстевски, С. Куновски, Љ. Оџаклиски, Б. Папазовски, Д. Протуѓер, Н. Този, Б. Крстевски, М. Антонова, Р. Петрова и С. Трајковски

Михо Чакеља ја доби првата награда за туристиски плакат на Југославија.

С. Антоновски отвори самостојна изложба дрвени фигури и орнаменти во Охрид.

Естетскиот феномен се повеќе се вклопува во процесот на индустриското производство, така што тој денес е присутен во производите на Дрвната индустрија ,,Треска" — Скопје, Индустријата за текстил и конфекција ,,Тетекс" од Тетово, Индустријата за стакло и стаклени влакна од Скопје, Порцелановата индустрија ,,Бори-Кидрич" од Титов Велес, Модната конфекција ,,Астибо" од Штип, Свиларскиот комбинат ,,Нонча Камишова" од Титов Велес, Фабриката за декоративни ткаенини ,,Декор-текст" од Радовиш и други.

Индустријската естетика, која во многу случаи е повторување на веќе познати и изживеани форми и креации во други земји, сега масово го исполнува нашиот пазар. Многу од ликовните уметници што се бават со применета уметност настојуваат да ја индивидуализираат по пат на занатско-рустично производство и креацијата да претставува уникат.

Ова творештво е во зависност од современите ликовни настојувања, дури тие во поодделни остварувања доминираат кај поединци. Но и во тоа воглавно уметноста е ставена во служба на оплеменување на облиците кои првенствено имаат функционален карактер.

Многу често овие два постулата: естетски и утилитарен се здружени во една хармонична целина и се согледуваат во производите што ги даваат пред се нашето занаетчиство и индустрија за стакло-порцелан, дрво и текстил.

Имајќи го сето ова во предвид, потребите од што понепосредно вклучување на членовите на нашево Друштво во програмите за развој на одделни индустрии станување императив. Нашето вклучување ќе им претставува непроценлив придонес во решавањето на многу сложената задача: да ги совладаат современите производни процеси, своите производи да ги подигнат на високо технолошко естетско ниво. Па тој начин во пореметените односи на пазарот, рамноправно ќе се спојат во соодветните индустрии од нашата земја и странство, а со тоа на своите производи би можеле да им обезбедат сигурен и постојанен пласман.



Изложбен салон на Музејот на современа уметност во Скопје, IV-та изложба на ДЛУПУМ

Нашево Друштво е во состојба, потпирајќи се на неговиот квалификуван состав, да помогне во понатамошното концепирање на ставовите, во политиката на обликување на производните капацитети од сите подрачја на дејност во која дејност е еден од пресудните фактори за понатамошниот успех на производот од неговото концепирање, обликување, технолошко и економско валоризирање, до пуштање во сериско производство. На производот едновремено треба да му биде решено и прашањето за неговата амбалажа и пропагирањето на пазарот по пат на средствата на визуелната комуникација, печатот, радиото, телевизијата и филмот како и во постојаните презенторања на стопанските изложби и саеми.

Заради тоа во понатамошната соработка ќе се наложи вклучување на поединци и групи дизајнери во изработката на програмите за програмирање на производните капацитети. Тие ќе помогнат да се внесе ново како во обновените производи, така и во перспективното производство. Во оваа фаза на согледување не го сваќаме учеството на дизајнерот или групата дизајнери само како визионери, или аналитичари, туку како активни учесници во изработка на дизајнот: неговото верифицирање кое ќе му ги презентира елементите од испитувањето на пазарот, неговото птоизводствено својство, боја, тежина, форма, мирис и тн. Потоа ќе изработи програма за неговата реализација и презентација како прототип во сите фази на дизајнот, кои треба потполно да му дадат виза за влегување во сериско производство.

Во фазата на расчистувањето на сите процеси на создавање на еден дизајн нашите членови се во состојба да го следат пазарот (домашниот и странскиот) и да извршат припрема за него по пат на пропагирање на производот, да го заинтерегираат потрошувачот, а на производот да му обезбедат сигурен пласман.

Паралелно со овие задачи што стојат пред нашето Друштво, постојано е присутен и проблемот за синтеза во просторното обликување. О!аа област на творештвотор подразбира од обликување на просторот за живеење, па се до пошироката урбанизација во која една осмислена хармоничност ќе ја формира целината. За тоа грижата не е само на урбанистите и есетичарите, туку и на комуналците, хортикултурците,

1957. Сојузот на ликовните уметници на Југославија за прв пат учествуваше со експонати на своите членови на XIто Триенале во Милано.

На 13 ноември во Уметничкиот павиљон во Скопје се отвори I-та изложба на Друштвото на која излагаа: С. Атанасовски, Г. Бошковски, К. Билбиловски, Б. Дрнков, В. Економов, Р. Економов, Б. Јовевски, П. Калаџи, Б. Костовски, Ѓ. Крстевски. Б, Крстевски, С. Куновски, Б. Лазески, Б. Новаковиќ, Љ. Оџаклиевски, Р. Петрова, Б. Папазовски, Г. Попов, Д. Протуѓер, С. Спировски, Д. Стојановски, Н. Този, С. Трајковски, М. Чакеља, Д. Шумка и како гости: П. Анѓушев, Т. Андреевски, Д. Бошњаковски, Ѓ. Георгиевски, Ј. Димовски, Л. Личеноски, М. Лазаров и Д. Трајановски.

1958. Друштвото учествуваше во организирањето на изложбата ,,Семејство и домаќинство" во рамките на Загребачкиот велесаем.

Пано Анѓушев во Скопје отвори прва самостојна изложба на обликувани декоративни и функционални форми во стакло изведена во Фабриката за стакло и стаклена волна во Скопје.

Од 16 до 23 ноември во Уметничкиот павиљон во Скопје се отвори II-та изложба на членовите на Друштвото на која излагаа: М. Антонова, П. Анѓушев, Т. Андреевски, К. Бошњаковски, Д. Бошњаковски, Б. Дрнков, В. Економов, Р. Економов, Б. Лазески, Л. Личеноски, Р. Лукиќ, Р. Петрова, Р. Перчуклиевски, Д. Стојановски, С. Спировски, Н. Този, С. Трајковски, М. Чакеља и како гости: А. Кузмановски, К. Љашков, З. Мартиноски, Б. Митрически и Т. Филиповски. Во рамките на изложбата беше организирано советување со претставници на стопанството.

С. Атанасовски отвори самостојна изложба на творби од дрвена пластика во Битола.

1959. Во месец април во Белград се одржа II Конгрес на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија. Како делегати на Друштвото на Конгресот учествуваа: Д. Протуѓер, Н. Този, Р. Перчуклиевски, С. Трајковски, Т. Андреевски и како гостин М. Корубин, тогашен директор на Училиштето за применета уметност во Скопје.

Во Варшава Минек, Тбилиси, Лавов, Софија и Будимпешта се одржа ѝзложба на југословенската применета уметност. Од нашето Друштво излагаа Т. Андреевски, П. Анѓушев, Р. Перчуклиевски, С. Трајковски и други. Стручната критика мошне поволно ги оцени производите на Фабриката за стакло од Скопје обликувана од дезајнерите Т. Андреевски и П. Анѓушев.

На изложбата на југословенскиот плакат што се одржа во Белград излагаа: Б. Лазески и К. Бошњакоски.

трговците и другите фактори што се составен дел на една урбана целина. Доколку повеќе успеале во програмирањето и спроведувањето интегрално да ги проткаат сите досега научни сознанија и естетски вредности, дотолку повеќе ќе успеат да создадат похуман и рационален живот на човекот на тоа подрачје.

За жал, овие согледувања во нашата секидневна пракса од брзата изградба на градовите, а пред се на нашиот главен град не наидуваат на доследна примена: сведоци сме на одделни постапки каде што задачите на синтезата на пластичните уметности и животот не ги потврдуваат, туку напротив ги демантираат. Затоа просторот станува дехуманизиран, без колорит, без простор за игра и забава на најмладите, а пред се без пластични вредности. Доколку сакаат дополнително да се постигнат, тие неоргански се аплицираат во формираниот простор, за што се непобитен пример увезените фонтани во Скопје, кои со ништо не се врзани со просторот, а со своите естетски вредности се вклопуваат во кичот

За решавање на ова исто така комплексно прашање можат да придонесат членовите на нашево Друштво, чија квалификација и креативна преокупација е обликување на просторот, културата на живеењето, хортикултурата и други подрачја од просторното обликување. Нивното вклучување и ангажирање во работата во советите за урбанизам на општинските собранија и другите органи на собранијата како и во проектанските организации знатно ќе придонесат на релацијата творештво и примена во секојдневниот живот, односно ќе се најдат во функција на општествени работницо чија стручност ќе биде правилно користена во решавање и обликувањето на одделни објекти и цели урбанизирани простори.

Тие како членови на нашето Друштво ќе бидат во состојба да воспостават постојана врска помеѓу членството на нашево Друштво и потребите на општествената заедница за решавање и реализирање на одделни естетски задачи.

Еден дел од нашето членство по својата професионална дејност е ориентирано на подрачјето на сценската уметност, телевизијата, филмот и визуелната комуникација. Нивната присутност како сценографи, костимографи, филмски сниматели, уметнички фотографи, илустратори е неопходна во се позбогатениот репертоар, филмска продукција и издавачка дејност. Нивните современи гледања во создавањето на своите креации овие медиуми на културата и уметноста ги ставаат во редот на соодветните врвни остварувања во нашата земја и светот.

Во центрите за култура и информации, во насочените домови за култура, што треба да се градат како спомен домови на АСНОМ во нашата Република, како и во постојните работнички и народни универзитети се отвора широка можност за делување на нашите членови и Друштвото, за естетското воспитување на народот и младината со отворање на постојани изложбени и продајни салони на творби од применетата уметност и дизајнот, како и постојано информирање по пат на предавања, проекција на филмови и диафилмови за поодделни подрачја на естетиката и културата како што се, културата на живеењето, облекувањето и обликувањето на ентериерот и екстериерот.

Во овие институции на културата, покрај овие форми на информирањето и формирањето на естетската култура на народот и младината, нашето членство е во можност да биде организатор и носител на разни курсеви и семинари на кои, според интересот, можат да се образуваат за творење во различни области на применетата уметност: текстил, метал, дрво, стакло, уметничка фотографија, мода, обликување на простор и друго.

На крајот пред нашево Друштво стои и еден од многу важните проблеми за согледување на перспективната потреба од образованието и формирањето на кадри за потребите на нашето стопанство и култура. Сегашниов вид на образовните институции за формирање на ликовни работници од сите степени и видови на образование се надминати. Искуствата од стопански и културно развиените земји не тераат на размислување каков вид образовен центар ни треба за формирање на висококвалификувани стручни кадру за дисциплините од применетата уметност и дизајнот.

Формирањето на кадри со ваков профил ја истакнува потребата од основање на еден високошколски образовен центар за ликовна култура. Во тој центар класичните ликовни дисциплини ќе бидат само база врз која низ наставно-практичната работа ќе се формираат кадри за одделни дисциплини на применетата уметност и дизајнот. Онаа категорија кадри чија преокупација ќе биде ,,штафелајот" или таканаречената ,,чиста уметност" сами ќе се излачат од еден дисциплинарен наставно образовен процес. Овој највисок центар за ликовната култура покрај наставно образовните задачи би требало постојано да биде присутен во решавањето на естетско производните проблеми на стопанството и да биде носител на посовременото и прогресивното во проектирањето и обликувањето, на производите на индустријата, занаетчиството и воопшто во обликувањето на просторот.



*Салон на стопанската комора на СРМ, I-ва изложба на сувенири*

СЕЌАВАЊЕ НА ПОЧИНАТИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ДРУШТВОТО

ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО, сценограф на Македонскиот народен театар — Скопје
Скадар 1914 — Скопје 1962

РУЖИЦА ЛУКИЌ, графичар — илустратор
. . .

БОШКО СИМОНОВИЌ, инженер — архитект
. . . .

ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ, професор на Училиштето за применета уметност — Скопје
с. Галичник 1901 — Скопје 1964

МАРИЦА АНТОНОВА, виши стручен соработник на Фолклорниот институт на Македонија — Скопје
Охрид 1892 — Скопје 1967

НЕСТОР АЛЕКСИЕВСКИ — резбар
с. Осо 1877 — Скопје 1969

Слава им!

Во Музејот на применета уметност во Белград се одржа изложба на Југословенска уметничка фотографија на која излагаа: К. Билбиловски и Б. Дрнков.

Во Скопје се одржа модна ревија на која учествуваа со свои креации: Р. Петрова, Д. Стојановски и С. Трајковски.

Во организација на изложбата ,,Семејството и домаќинството" што се одржа во Загреб учествуваше Б. Новаковиќ.

Во Скопје се одржа самостојна изложба на дрвена пластика на С. Атанасов.

Во соработка на РКПЗ, ДЛУМ и ДЛУПУМ во Скопје се организира I-ва изложба на ликовниот аматеризам во Македонија. На советувањето што се одржа по повод организирањето на изложбата Н. Този поднесе кореферат на тема: Аматеризмот и применетата уметност.

Во Скопје Д. Бошнакоски организира самостојна изложба на проекти.

Сојузниот фонд за унапредувањ на ликовните уметности ,,Моша Пијаде" на Н. Този му додели награда за систематско спроведување на современите концепции во ликовното воспитување.

Р. Перчуклиевски доби стипендија од Владата на НР Бугарија за едногодишен постдипломски престој во Бугарија за проучување на обликувањето на керамиката.

С. Спировски доби стипендија од Владата на Италија за едногодишен постдипломски престој за проучување на методите на конзервација на уметнички творби.

1960. Во Скопје се организира изложба на проекти на Текстилниот комбинат ,,Нонча Камишова" од Титов Велес и ревија на модели на кои соработуваше Р. Петрова, Д-. Стојановски, Б. Патроногиќ.

Д. Стојановски во Скопје отвори прва самостојна изложба на која покрај другото излагаше нацрти за дезени за текстил и костим.

С. Антоновски отвори изложба на пластични творби во Титоград. Р. Перчуклиевски отвори I-ва самостојна изложба на керамика и порцулан

На меѓународната изложба на керамика во Остенде излагаше Р. Перчуклиевски.

Во уметничкиот павиљон во Скопје се одржа III-та ревијална изложба на Друштвото.

1961. Т. Андреевски организира самостојна изложба на метали и стакло во Белград и Скопје.

Во Скопје Д. Стојановски организира I-ва самостојна изложба на таписерија.

Р. Перчуклиевски Т. Андреевски ја добија наградата на Друштвото за постигнувања во годината.

1962. М. Лазаров и Р. Перчуклиевски излагаа на Меѓународната изложба на керамика во Прага. На оваа изложба Р. Перчуклиевски доби сребрен медал за изложените работи.

Д. Стојановски организира самостојна изложба на таписерии во Белград и Охрид.

1963. Во организација на Друштвото и одделни стопански организации во Скопје се организира изложба на сувенири чии прототипови ги обликуваа членовите на Друштвото.

Во организација на Музејот за применета уметност во Белград се организира изложба на современа југословенска таписерија. На изложбата покрај другите од нашето Друштво излагаа: Д. Стојановски и С. Трајковски.

Во Белград се одржа Југословенски симпозиум посветен на проблемите на синтезата во пластичните уметности. На симпозиумот од нашето Друштво учествуваа: Д. Протуѓер, Ѓ. Георгиевски, Д. Шојлески, Н. Този, Т. Андреевски, С. Трајковски, Д. Бошнакоски.

1964. На Меѓународниот конгрес на графичките дизајнери што се одржа во Цирих во состав на Југословенската делегација учествуваше Н. Този.

Р. Перчуклиевски излагаше на Меѓународната изложба на керамика во Осло и Хелзински.

Т. Андреевски и Пано Анѓушев излагаа на Меѓународната изложба на индустриските дизајнери во Париз.

Членовите на Друштвото излагаа на ,,современата македонска уметност" организирана во Дижон — Франција.

1965. Б. Дрнков излагаше на Меѓународната изложба на уметнички фотографии во Прага.

Т. Јанчевски престојуваше на студиски престој во Париз како стипендиста на Сојузниот фонд за унапредување на ликовната уметност ,,Моша Пијаде".

1966. Р. Петрова и Г. Попов ја добија наградата на Друштвото за постигнување во годината

Т. Андреевски престојуваше на студиски престој во Париз како стипендиста на Сојузниот фонд за унапредување на ликовната уметност ,,Моша Пијаде".

Во Љубљана се одржа III Конгрес на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија. Како делегати на нашето Друштво учествуваа: Р. Перчуклиски, Н. Този, Т. Андреевски, Д. Бошнакоски, Д. Дрнков и С. Трајковски.

На I-от БИО во Љубљана излагаа: Т. Андреевски и П. Анѓушев.

Во изданието на Друштвото излезе публикацијата ,,Пејсажна уметност и обликување на просторот" од Драган Шојлевски.

СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ОДДЕЛНИ ИНДУСТРИИ И ДИЗАЈНЕРИТЕ ДАВААТ ЗАБЕЛЕЖИТЕЛНИ КРЕАЦИИ, КОИ ПО СВОИТЕ ЛИКОВНИ КВАЛИТЕТИ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ СЕ БАРАНИ НА ПАЗАРОТ.

ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДВАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА ДЛУПУМ, НА НЕГОВОТО ЧЛЕНСТВО МУ ПОЖЕЛУВАМЕ ПОНАТАМОШНИ УСПЕСИ ВО ТВОРЕШТВОТО И СОРАБОТКА НА ПОЛЕТО НА ДИЗАЈНОТ И ИНДУСТРИЈАТА.



**ИНДУСТРИЈА ЗА СТАКЛО
И СТАКЛЕНИ ВЛАКНА**
СКОПЈЕ

**„БИСЕРКА"
ФАБРИКА ЗА
АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ
ПИЈАЛОЦИ**
СКОПЈЕ




**„ТРЕСКА"
ФИНАЛЕН ПОГОН**
КАВАДАРЦИ



Друштво на ликовните уметници за применета уметност на Македонија — Скопје
ул. ,,803" бр, 7. Телефон 36-514

РЕДАКЦИЈА:
Н. Този, Т. Андрееcки, Д. Бошнакоски, Б. Дрнков, Д. Стојановски, К. Танчев

Печат: ГЗ ,,Гоце Делчев" — Скопје



Д. Бошнакоски — Клет, Нерез

Д. Стојановски — Таписерија





М. Лазаров — Фигура

С. Трајковски — Текстил





Т. Андревски — Стакло



Р. Петрова — Костим

1967. Во Салонот на Музејот на современата уметност во Скопје се одржа IV-та изложба на членовите на Друштвото.

Б. Дрнков ја доби годишната награда на Телевизија — Скопје.

Р. Петрова престојуваше на студиски престој во Полска како стипендиста на Сојузниот фонд за унапредување на ликовната уметност ,,Моша Пијаде".

Во Истанбул — Турција се одржа Меѓународна изложба на керамика. Комесар на југословенскиот дел на изложбата беше Р. Перчуклиевски.

К. Билбиловски ја доби наградата за уметност на град Скопје ,,13 ноември".

Д. Шумка ја доби наградата ,,Пулска арена" за сценографија на филмскиот фестивал во Пула.

1968. Б. Дрнков учествува на Фестивалот на Телевизијата во Блед;

Б. Дрнков ја доби годишната награда на Телевизија — Скопје.

Излезе од печат публикацијата за остварувањата на членовите на Друштвото ,,Обликување".

1969. Во Скопје М. Спировски организира изложба на таписерии.

Н. Този ја доби II и III награда со изведбата на конкурсот за плакетата на АСНОМ.

Б. Костоски ја доби наградата со изведба на плакатот 25 години на АСНОМ.

Т. Андреевски доби награда за најдобар дизајн во стакло изложен на Загребачкиот велесаем.

С. Куноски ја доби наградата од Републичкиот одбор за организирање ,,Месецот на книгата" за постигнати успеси во опрема на книги.

Б. Дрнков доби награда на Фестивалот на телевизијата во Блед.

Н. Този ја доби наградата со изведба на Конкурсот за ликовно обликување на дипломите за наградите: ,,11 октомври"; ,,Климент Охридски" и ,,Мито Хаџи Василев — Јасмин".

1970. М. Спировска излагаше таписерии во Музејот за применета уметност во Белград.

Во Скопје Д. Стојановски отвори изложба на таписерии.

К. Билбиловски ја доби наградата за камера на Белградскиот фестивал на документарниот филм.

Б. Дрнков организира самостојна тематска изложба на уметничка фотографија во салонот на Музејот на современа уметност во Скопје.

Б. Дрнков доби награда на Фестивалот на Телевизијата во Блед.
Б. Лазески ја доби наградата на Сојузот на борците од НОБ ,,4 јули" за фреската во Железничката станица во Скопје.

## ЧЛЕНОВИ НА ДЛУПУМ

### ДЕКОРАТИВНА ПЛАСТИКА И ИНДУСТРИСКО ОБЛИКУВАЊЕ

Пано Анѓушев
Томе Андреевски
Македонка Андонова
Славе Анастасов
Наум Донев
Блаже Јовевски
Петре Костовски
Перо Калајџиев
Никола Сретеновиќ
Милан Терзовски
Доне Тодоровски
Димитар Трајановски

### ПРИМЕНЕТА ГРАФИКА И ДЕКОРАТИВНО СЛИКАРСТВО

Драгутин Аврамовски — Гуте
Ганчо Бошковски
Киро Бошњаковски
Киро Кузмановски
Александар Кузмановски
Ѓорѓи Крстевски
Спасе Куновски
Борко Лазески
Момчило Петровски
Благоја Папазовски
Радмило Поповски
Димче Протуѓер
Александар Попов
Спасе Спировски
Костадин Танчев
Ѓорѓи Тодоров
Нико Този
Томислав Филиповски
Михајло Шојлев

### НОВОПРИМЕНИ ЧЛЕНОВИ И ЧЛЕНОВИ СОРАБОТНИЦИ НА ДРУШТВОТО

Драган Аврамовски,
Драган Биков
Павле Георгиев

### ОБЛИКУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ — ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА, СЦЕНОГРАФИЈА И ХОЛТИКУЛТУРА

Драган Бошнакоски
Славко Брезовски
Ѓорѓи Георгиевски
Ратко Икономов
Петар Илков
Трајче Јанчевски
Јордан Јорданов
Бранко Костовски
Лудек Кубеш
Панче Минов
Таки Павловски
Сашо Пановски
Михо Чакеља
Диме Шумка
Драган Шојлевски

### КОСТИМОГРАФИЈА И ТЕКСТИЛ

Ѓорѓи Здравев
Елена Дончева
Елена Патроногиќ
Рада Петрова — Малкиќ
Душко Стојановски
Мирослава Спировска
Славе Трајковски
Марко Тодоров
Зорица Тодораов

### КЕРАМИКА

Владо Аврамов
Михо Лазаров
Ристо Куфаловски
Раде Перчуклиевски
Драгица Чесмаџиска — Јанева

### УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА И ФИЛМ

Виктор Аќимовиќ
Киро Билбиловски
Благоја Дрнков
Гого Попов



Изложба на членовтие на ДЛУПУМ и ДЛУМ во Дижон — Франција

Радмила Гиновска
Мате Ефтимов
Методија Ивановски — Менде
Васко Ташковски
Данче Черепналкоска
Благоја Чушков
Александар Филиповски
Иван Шопов

### ИЗБРАНИ КОЛЕКТИВНИ ЧЛЕНОВИ НА ДРУШТВОТО

,,Астибо" — модна конфекција — Штип

,,Бисерка" — Фабрика за производство на алкохолни и безалкохолни пијалоци — Скопје

,,Борис Кидрич" — Југопорцулан, Фабрика за порцулан и зидни покчи — Титов Велес

,,Гоце Делчев" — Графички завод — Скопје

,,Димче Еребица" — Фабрика за Намештај — Куманово

,,Нонча Камишова" — свиларски комбинат — Титов Велес

,,ОХИС" — органско-хемиска индустрија ,,Наум Наумовски — Борче" — Скопје

Стопанска комора на СР Македонија — Скопје

,,ТЕТЕКС" — Волнарски комбинат ,,Тодор Циповски — Мерџан" — Тетово

,,ТРЕСКА" — претпријатие за дрвна индустрија — Скопје

Фабрика за стакло и стаклени влакна — Скопје

,,Црн Бор" — Дрвно индустриски комбинат — Прилеп